Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерот за животна средина и просторно планирање, донесува:

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање

Член 1

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година, 01-1832/2 од 12.03.2018 година, 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-3932/1 од 16.07.2019 година, 01-4222/1 од 31.07.2019 година, 01-4222/4 од 04.09.2019 година, 01-4222/5 од 07.10.2019 година, 01-4222/7 од 15.10.2019 година, 01-6478/3 од 30.12.2019 година, 01-7008/1 од 30.12.2019 година, 04-1604/1/1 од 02.03.2020 година и 01-4510/1 од 30.10.2020 година, 01-4583/1 од 05.11.2020 година, 01-5091/1 од 04.12.2020 година, 01-70/1 од 05.01.2021,01-863/2 од 12.02.2021 година , 01-877/3 од 17.02.2021 година,01-3372/2 од 09.07.2021 година, 01-5171/2 од 18.11.2021 година, 01-5172/2 од 12.11.2021 година , 01-5292/2 од 12.11.2021 година, 01-5784/2 од 13.12.2021 година , 01-6623/2 од 22.09.2022 година и 01-6370/8 од 19.10.2022 година, и тоа:

Член 2

Во член 14 од Правилникот број 01-5101/1 од 04.09.2023 година во работното место во табеларен приказ во Сектор за Европска Унија, работното место со реден број 52 со шифра УПР 01 01 Б02 000-Раководител на Сектор за Европска Унија во делот на вид на образование зборот хемија се брише а зборовите "правни науки и политички науки" се заменуваат со зборовите "инженерство и технологија-друго инженерство и технологии-металургија".

Член 3

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-5101/1 од 04.09.2023 година, за кој имаме согласност од Министерство за информатичко општество и администрација со број 01-5105/2 од 25.10.2023 во член 10, во табеларен приказ во Сектор за спроведување на инструментот за претпристапна помош ИПА, во работното место со реден број 77б, со шифра УПР 01 01 В04 000 назив на работно место – Помлад соработник за административна поддршка, во делот на Одделение, наместо Одделение за програмирање и мониторинг на инструментот за

претпристапна помош (ИПА) треба да стои Одделение за внатрешна контрола и координација при спроведување на инструментот за претпристапна помош ИПА.

Член 4

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-5101/1 од 04.09.2023 година, за кој имаме согласност од Министерство за информатичко општество и администрација со број 01-5105/2 од 25.10.2023 во член 4, во табеларен приказ во Сектор за животна средина, во работното место со реден број 267, со шифра УПР 01 01 В01 000 назив на работно место – Советник за изработка на стратешки карти и акциони планови за бучава, во делот на Одделение, наместо Одделение за оценка на влијанието врз животната средина и заштита на почвата треба да стои Одделение за заштита од бучава во животната средина.

Член 5

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-7470/1 од 12.12. 2022 година, за кој имаме согласност од Министерство за информатичко општество и администрација со број 01-7470/2 од 16.12. 2022 во член 4 во делот табеларен приказ на работни места, во Одделение за стратешко планирање, во работното место со реден број 10а, со шифра УПР 01 01 В01 000 назив на работно место – Советник за подготовка на стратешки документи, програми и планови, во делот на вид на образование, после зборовите Природни науки се додаваат зборовите, други природни науки-географија.

Член 6

Согласно извршените измени во интегралниот текст на правилникот се вршат изменувањата и дополнувањата и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Министер
**Каја Шукова**

Број 01-7184/1
18-12-2023